Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија Скопје
Agjencia për mbështetjen e sipërmarrjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut Shkup

АПП

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Број / Numër 03 - 4
08.01. 2025 год./vit.

Врз основа на член 30, 48 и 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.259/24), Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-165/2 од 05.04.2021 година, со измените бр.01-401/1 од 03.06.2022 година и бр.01-687/1 од 13.10.2022 година, согласноста од Министерството за финансии за обезбедените финансиски средства бр.19-13060/2 од 31.12.2024, в.д. Директорот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија објавува,

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 01/2024

за унапредување на административен службеник во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник, за следново работно место:

1.Раководител на сектор за промоција на претприемништвото, истражување и информатичка поддршка, шифра на работно место:УПР 01 01 Б02 000, во Сектор за промоција на претприемништвото, истражување и информатичка поддршка - 1 (еден) извршител

Општи услови за работното место утврдени со Законот за административни службеници:
-да е државјанин на Република Северна Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност и должност;

**Посебни услови** за работното место утврдени со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија:

**Стручни квалификации за ниво Б02**- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Економски науки, електротехника, информатика;
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија
Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk

-потврда за положен испит за административно управување ;

**Работно искуство:**

- најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

**Потребни општи работни комепетенции за работното место:**

-учење и развој;
-комуникација;
-остварување резултати;
-работење со други/тимска работа;
-стратешка свест;
-ориентираност кон странките/засегнати страни;
-раководење;
-финансиско управување.

**Распоред на работно време**:

Работни денови -од понеделник до петок/ почеток на работно време од 07.30 до 08.30 часот и крај на работно време од 15.30 до 16.30 часот (40 работни часови неделно/8 работни часови дневно);

**Месечна нето плата**:приближно 50.000,00 денари;

2.На интерниот оглас може да се пријават административни службеници вработени во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, кој ги исполнуваат општите и посебните услови за работното место пропишани со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-165/2 од 05.04.2021 година, со измените бр.01-401/1 од 03.06.2022 година и бр.01-687/1 од 13.10.2022 година, како и:

-да е оценет со оцена „А„или „Б„ при последните три оценувања;
-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
-да поминал најмалку две години на тековното работно место и
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следниве докази во скенирана форма:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
-потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

3.Рокот за доставување на пријавите изнесува 10 (десет) дена сметано од денот на објавување на интерниот оглас на интернет страната на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и на Агенцијата за администрација.

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место (доколку истите ги немаат


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија
Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk

претходно доставено во персоналното досие) преку архивата на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија до Секторот за правни и општи работи како и до службената електронска адреса mpetrova@apprm.gov.mk со назнака "За интерен оглас".

4. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата ќе се дисквалификува од натамошна постапка.

5.Постапката за унапредување ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување формирана од страна на в.д. директорот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

в.д Директор,
Даниела Димовска


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија
Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ДО**
**СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ**

## ПРИЈАВА НА ИНТЕРЕН ОГЛАС
## ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК

1.Име и презиме________________________________вработен/а во Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија

1.Тековно работно место ________________________во Сектор ______________________во одделение _________________шифра на работно место __________________________.

3.Датум на рспоредување на ова работно место ____________________.

4.Степен и вид на образование ____________________________.

5.Работно искуство _______________________( години/месеци).

6.Оцена на последното оценување ________________.

7.Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавување на интерниот оглас (заокружете) - (ДА) ( НЕ)

8.Работно место за кое се аплицира:

- реден број на работното место__________________
- шифра и назив____________________________

9.Документите со кои потврдувам дека ги исполнувам општите и посебните услови се наоѓаат во моето персонално досие во Секторот за правни и општи работи.

10.Дополнително ги доставувам следните докази:


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија

Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
__________________________________________________________

11.Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците наведени во образецот на пријавата се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази во оригинал или копија заверена на нотар .

(заокружете) - (ДА ) (НЕ)

***Напомена:Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.***

Подносител на пријавата:
Име и презиме ______________________
Потпис ______________________
Архивски број________________
Дата на поднесување________________


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија

Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk